**Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања "Св Стефан" - Охрид**
**тел**.+38946 277700 **факс**: 277201
www.cardioohrid.org.mk; e-mail: cardioohrid@mt.net.mk

ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања
"Св. Стефан"- Охрид

ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања
Бр. 02-862
22.10 20 18 год.
Охрид

објавува

ЈАВЕН ПОВИК Бр.1

**за работа на проект во рамки на ИПА меѓугранична соработка со Грција**

За пополнување на следниве позиции во проектот:

- Позиција број 1. D1.6.2 **Проектен менаџер** – едно лице, ангажирано 40 часа месечно, во временски период од 18 месеци.
- Позиција број 2. D1.6.2 **Финансиски менаџер** – едно лице, ангажирано 24 часа месечно, во временски период од 18 месеци.
- Позиција број 3. D1.6.2 **Администратор** – едно лице ангажирано 64 часа месечно, во временски период од 18 месеци.

**Проектна позадина:**

На ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања "Св. Стефан"- Охрид му е доделен грант во рамки на првиот повик за проектни предлози од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата на Европската Унија за прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Македонија (2014-2020). Насловот на проектот е "Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјани услуги за стари лица и деца и нивна рана превенција" КРОС4ОЛ ("Corss-border initiative for integrated health and social services promoting safe ageing, early prevention and independent living for all – CROSS4ALL").

Главен водич и прв финансиски партнер на проектот е Лабораторијата за медицинска информатика на Универзитетот Аристотел од Солун-Грција. ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања "Св. Стефан"- Охрид е финанскски партнер бр.6, а останати партнери на проектот се: Факултетот за информатички и комуникациски технологии "Св. Климент Охридски" – Битола (партнер бр.2); Грчката национална конфедерација за лица со попреченост (партнер бр.3), Општина Охрид (партнер бр.4) и Општина Неаполис-Грција (партнер бр.5). Имплементацијата на проектот е започната во април 2018 година и истата се очекува да заврши во рок од 24 месеци.

Специфичната цел на проектот КРОС4ОЛ е подобрување на здравствената заштита и социјани услуги на децата и старите. Таргет група на проектните активности се здравствените и социјални работници и ранливите групи на граѓани.

**Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања "Св Стефан" - Охрид**
**тел.**+38946 277700 **факс:** 277201
*www.cardioohrid.org.mk; e-mail: cardioohrid@mt.net.mk*

Проектот се очекува да ја поттикне и подобри здравствената писменост, да креира иновативни практики за подобрување на пристапот на ранливите групи и справување со нееднаквостите во здравството; да го подобри капацитетот на здравствените работници и инфраструктурата за ефикасно прилагодување на потребите на целната група; да се воспостават нови механизми фокусирани на условите на сиромаштијата; услуги за советување во домови на ранливите категории; вклучително во руралните и изолирани подрачја; мобилизирање на неактивните поединци и деблокирање на нивниот потенцијал за нудење на услуги за нега на оние на кои им е најпотребна; промовирање на заеднички стратегии за развој на интегрирани здравствени и социјани грижи без граници.

Проектот исто така ќе воспостави три пилот центри (од кои еден тест пилот во соработка со Општина Охрид, со мобилна единица која ќе интервенира во поодалечени места во градот) за здравствена и социјална заштита што ќе придонесе за подобрени и проширени услуги за целните групи, услуги за поддршка кои ќе им помогнат на граѓаните да генерираат и одржуваат онлајн точни здравствени досиеја и одржување на заедничка Help Desk за граѓаните и медицинските туристи.

Во рамки на проектот ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања "Св. Стефан"- Охрид треба да ги имплементира следните проектни активности: Организација на еднодневен настан-конференција за промоција на проектот, спроведување на медиумска кампања за превенција на кардиоваскуларни заболувања, подготовка на заеднички акционен план и водич за статус на здравствени и социјални услуги за возрасни лица, лица со пореченост и деца во општината и поодалачени места, издавање на професионален водич со посебен осврт на лица со попреченост и ранливи групи на граѓани, организација на работилница за примарна здравствена и социјална заштита за здравствени и социјални лица и граѓани, набавка, инсталација и одржување на 1 сет медицинска опрема, набавка, инсталација и одржување на 3 сета медицинска опрема во локален пилот центар за здравствена и социјална заштита кои ќе даваат здравствени и социјани усуги на ранливите категории на граѓани во градот; ангажирање на тим на експерти кои ќе работат во локалниот пилот центар и мобилните единици и организирање на посети во земји кои имаат слично искуство со локални пилот центри и мобилни единици.

**<u>Опис на работни задачи:</u>**

Ангажираните лица ќе бидат одговорни за успешна имлементација на проектните активности согласно ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата на Европската Унија за прекугранична соработка помеѓу Република Грција и Република Македонија (2014-2020), со следниве работни задачи и потребни квалификации за секоја позиција:

Позиција број 1. **- Проектен менаџер**

***Опис на работни задачи:***

- Работа на проектниот менаџер е да планира, да го имплеметирна и успешно да го заврши проектот во согласност со дефинираните рокови и во рамките на буџетот;
- Обезбедува логистичка поддршка и координација на напорите на тимот и трети лица изведувачи или консултанти на проектот согласно планот за работа;
- Да го надгледува и врши контрола на квалитетот во текот на неговиот циклус и на заинтересираните страни;
- Извршува проектно планирање со целосна документациска комуникација;
- Подготвува агенда, состаноци и записници од состаноци;
- Подготвува проектна документација, планови и извештаи во согласност со Грант договорот на проектот потпишан од страна на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања "Св. Стефан"- Охрид;
- Подготвува тендерска документација за набавки потребни во проектот со користење на документација во согласност со Грант Договорот на проектот;
- Редовно комуницира за статусот на проектот со ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања "Св. Стефан"- Охрид и проектните партнери, како и со сите заинтересирани страни (јавни институции, компании, бизнис оргнизации и др.);
- Извршува работи поврзани со одобрување, следење, набавка, кореспонденција, комуникација и одржување на база на податоци поврзани со проектната документација како работни планови и финансиски процеси на планирање;
- Помага во напорите на консултантите, експертите и изведувачите за реализација на проектот;
- Извршува превод на документи на англиски јазик;
- Извршува било која друга активност поврзана со импленатацијата на проектот;

***Квалификации:***

- Универзитетска диплома од областа на правни и политички нуки;
- Познавање на MC Office и други програми;
- Претходно работно искуство на позиција Проектен менаџер или слично во имплемнтација на проекти од исти или слични ЕУ Програми;
- Одлично познавање на ПРАГ регулативата;
- Доказ за ангажман во проекти (договори и сл);
- Одлично познавање на говорен и пишан македонски и англиски јазик.

Позиција број2. - **Финансиски менаџер**

***Опис на работни задачи:***

- Помага во работата на Проектниот менаџер за планирање, имплементација и успешно завршување на проектот во согласност со дефинираните рокови и во рамките на буџетот на проектот согласно Грант договорот;

- Извршува задачи поврзани со одобрување, следење, набавка, вработување, комуникација и одржува база на податоци поврзани со проектната документација, работни планови и финансиски процеси на планирање;
- Извршува активности за подготовка на Проектната документација, финанскиски планови и извештаи во согласност со Грант договорот на прокетот потпишан од ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања "Св. Стефан"- Охрид, како проектн партнер;
- Извршува активности за подговотка на тендерска документација за набавки потребни во проектот со користење на документација во согласност со Грант договорот на проектот;
- Да организира настани во рамки на предвидените проектни активности;
- Да учевствува во подоговката на проектната документација и да ја одржува проектната архива;
- Да обезбедува превод на документи на англиски јазик;
- Да врши било која друга активност за која се смета дека е поврзана со проектот;

***Квалификации:***

- Универзитетска диплома од областа на економски науки;
- Познавање на МС Office и други програми;
- Претходно работно искуство на позиција Финанскиски менаџер или слично во имплемнтација на проекти од исти или слични ЕУ Програми;
- Одлично познавање на ПРАГ регулативата;
- Доказ за ангажман во проекти (договори и сл);
- Одлично познавање на говорен и пишан македонски и англиски јазик.

Позиција број 3. - **Администратор**

***Опис на работни задачи:***

- Помага во работата на Проектиот менаџер за планирање, имплементација и успешно завршување на проектот во согласност со дефинираните рокови и во рамките на буџетот на проектот согласно Грант договорот;
- Му помага на проектниот менаџер во подготвка на проектната документација, плановите и извештаите во согласност со Грант договорот на прокетот потпишан од страна на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања "Св. Стефан"- Охрид;
- Му помага на проектниот менџер во подготвка на тендерската документација за набавки потребни во поектот со користење на документацијата во согласност со Грант Договорот на проектот;
- Извршува работи поврзани со одобрување, следење, набавка, кореспонденција, комуникација и одржување на база на податоци поврзани со проектната документација како работни планови и финансиски процеси на планирање;

- Помага во напорите на консултантите, експертите и изведувачите за реализација на проектот;
- Извршува превод на документи на англиски јазик;
- Извршува било која друга активност поврзана со имплеменатација на проектот;

***Квалификации:***

- Универзитетска диплома;
- Познавање на MC Office и други програми;
- Претходно работно искуство на позиција Администратор или слично во имплемнтација на проекти од исти или слични ЕУ Програми;
- Одлично познавање на ПРАГ регулативата;
- Доказ за ангажман во проекти (договори и сл);
- Одлично познавање на говорен и пишан македонски и англиски јазик.

**<u>Доставување на апликации:</u>**

Заинтересираните кандидати треба да ги достават своите апликации на македонски и англиски јазик заедно со:

- Пропратно писмо во еден оригинал и две копии:
- Биографија (CV) во еден оригинал и две копии;
- Копија од документите за потребни квалификации за секоја позиција;

Ве молиме во вашата апликација да го означите редниот број за позицијата за која се пријавувате.

Заинтересираните кандидати треба да ги достават своите апликации во **затворен плик по ПОШТА или ЛИЧНО** најдоцна до 31.10.2018 година (среда), до 12.00 часот, секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот во архивата на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања "Св. Стефан" – Охрид, на следнава адреса:

**Завод за превенција, третман и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања "Св. Стефан"**
**Населба „Св. Стефан" б.б.**
**6000 – Охрид, Република Македонија**

Со назнака:

**Проект: „Меѓугранична соработка и интегрирани здравствени и социјани узлуги за стари лица и деца и нивна рана превенција-КРОС4ОЛ"**

**Јавен повик Бр. 1** (****задолжително бројот на јавниот повик)***

**Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања "Св Стефан" - Охрид**
**тел.**+38946 277700 **факс**: 277201
*www.cardioohrid.org.mk; e-mail: cardioohrid@mt.net.mk*

***Ве молиме да означите "Да не се отвара пред состанување на комисијата за евалуација"**

Апликациите пристигнати после наведениот рок за доставување, нема да се разгледуваат.
Кандидатите кои ги исполнуваат условите ќе бидат повикани на интервју.
Само избраните кандидати ќе бидат известени.

**Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања „Св. Стефан"-Охрид**
**в.д. Директор,**
**Д-р Елена Коваческа-Башуроска**

ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања
ОХРИД